**Закачено на** огласна табла на судот на ден 13-05-2024 година

**ОСНОВНИОТ СУД КАВАДАРЦИ**, како првостепен надлежен суд, преку стечајниот судија Елизабета Петковска , постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот Трговско друштво за ископ на руди, производство на метали, трговија и услуги ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ДОО с. Возарци Кавадарци-во стечај со седиште с. Возарци Кавадарци со ЕМБС: 7331380 и ЕДБ: 4011019516489 а одлучувајќи по поднесениот предлог од стечајниот доверител К.А.Д. МЕНАЏМЕНТ СЕРВИСЕС ЛИМИТЕД Никозија Кипар со седиште на Стасионоу 23, 3-ти спрат Егкоми 2404 Никозија Кипар преку полномошник Адвокат Ивана Јевтиќ Николова од Адвокатско друштво Тошиќ и Јевтиќ Скопје , без одржување на рочиште на ден 13-05-2024 година го донесе следното :

**Р е ш е н и е**

Предлогот поднесен од стечајниот доверител К.А.Д. МЕНАЏМЕНТ СЕРВИСЕС ЛИМИТЕД Никозија Кипар со која бара да се **укине** Одлуката донесена од Собрание на доверители на прво извештајно собрание одржано на ден 26-04-2024 година , со која не се прифаќа предлогот за одобрување на иницијатива за подговка на План за реорганизација поднесен од стечајниот доверител , **се одбива .**

**О б р а з л о ж е н и е**

Со решение СТ.бр.27/23 (1/24, 3/24) од 02-02-2024 година е отворена стечајна постапка над должникот Трговско друштво за ископ на руди, производство на метали, трговија и услуги ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ДОО с. Возарци Кавадарци- во стечај . Со истото решение за стечаен управник е именуван Ацо Петров од Скопје.

Отворањето на стечајната постапка над должникот е јавно објавено и преку објавување на оглас во Службен Весник на РСМ бр. 28 од 07-02-2024 година како и во два дневни весници Нова Македонија и Вечер и тоа на ден 06-02- 2024 година.

За одржување на првото извештајно Собрание на доверители закажано за на ден 26-04-2024 година е објавен оглас во Службен Весник на РСМ бр. 78 од 05-04-2024 година , објавен е оглас на веб страната на судот и на огласната табла на судот на ден 02-04-2024 година.

Стечајниот управник во судот достави Извештај за економско финансиската состојба на должникот и почетен стечаен биланс на 16-04-2024 година и судот ги објави на огласната табла на судот и на веб страната на судот а стечајниот управник во смисла на одредбата од чл.96 од Законот за стечај објави оглас во дневен весник дека Извештајот е депониран во стечајното досие.

Стечајниот доверител К.А.Д. МЕНАЏМЕНТ СЕРВИСЕС ЛИМИТЕД Никозија Кипар на ден 12-04-2024 година по пошта а примен во судот на ден 15-04-2024 година достави предлог за одобрување иницијатива за подготовка на План за реорганизација .

На ден 26-04-2024 година е одржано прво извештајно Собрание на доверители а претходно е одржано рочиштето за испитување на побарувањата на доверителите при што доверителот кој што е подносител на предлогот за одобрување иницијатица за подготовка на План за реорганизација е доверител со признато и утврдено побарување во висина од 53.466.078,00 денари или 3,206% од вкупно утврдените и признати побарувања на сите доверители.

На првото одржано извештајно собрание на 26-04-2024 година стечајните доверители во смисла на одредбите од чл.50 од Законот за стечај ги донесоа одлуките кои се должни да ги донесат на истото односно со 100% од присутните доверители со утврдени побарувања претставени на Собранието на доверители го потврдија именуваниот стечаен управник Ацо Петров од Скопје.

Донесоа одлука да не се проширува бројот на Одборот на доверители и да не се променува неговиот состав и го потврдија составот на Одборот на доверители именуван од стечајниот судија со решение од 26-02-2024 година , со мнозинство од 95,80% од присутните доверители со утврдени побарувања претставени на Собранието на доверители .

На седницата на првото извештајно Собрание на доверители , стечајниот судија ги запозна сите присутни доверители дека стечајниот доверител К.А.Д. МЕНАЏМЕНТ СЕРВИСЕС ЛИМИТЕД Никозија Кипар во законски предвидениот рок во чл.97 ст.3 од Законот за стечај , во судот има доставено предлог за одобрување иницијатива за подготовка на План за реорганизација и му даде можност на полномошникот на стечајниот доверител да ја образложи иницијативата.

Присутните доверители претставени на првото извештајно Собрание на доверители донесоа одлука со процент од 84,88% , со која не го прифатија предлогот за одобрување иницијатива за подготовка на План за реорганизација поднесен од стечајниот доверител К.А.Д. МЕНАЏМЕНТ СЕРВИСЕС ЛИМИТЕД Никозија Кипар.

Согласно одредбата од член 97 од Законот за стечај „ Првото извештајно собрание на доверителите се одржува во рок од 15 дена од денот на доставувањето на извештајот од членот 96 на овој закон. На собранието од ставот (1) на овој член доверителите ќе одлучат дали деловниот потфат (претпријатието) на должникот ќе биде затворен или привремено продолжен. Доколку одлучат деловниот потфат на должникот да продолжи истовремено ќе го задолжат стечајниот управник да изготви план за реорганизација. Иницијатива за подготовка на план за реорганизација, односно предлог на план за реорганизација до судот може да достави и секој стечаен и разлачен доверител најдоцна во рок од осум дена пред одржувањето на собранието на доверители. Во случај кога собранието на доверители не ја прифатило иницијативата за подготовка на план за реорганизација, односно предлог на план за реорганизација од стечајниот управник од доверителите, согласно со ставовите (2) и (3) на овој член, стечајниот судија ќе донесе решение за затворање на деловниот потфат на должникот и ќе го задолжи одборот на доверители во рок од осум дена да донесе одлука за начинот на впаричување на имотот што влегува во стечајна маса. Доколку собранието на доверители донесе одлука за затворање на деловниот потфат, истовремено ќе го определи начинот на впаричување на стечајната маса. Стечајниот судија во рок од три дена по заклучувањето на седницата на првото собрание на доверители ќе донесе решение со кое ќе констатира дека се донесени одлуките од членот 50 став (1) од овој закон. Против ова решение не е дозволено право на жалба".

Откако Собранието на доверители на првото извештајно собрание не ја прифати иницијативата за подготовка на План за реорганизација поднесен од стечајниот доверител , стечајниот управник го образложи изготвениот Извештај за економско финансиската состојба на должникот и причините кои довеле до тоа , па Собранието на доверители донесе одлука со која го усвои иёвештајот изготвен од стечајниот управник односно донесе одлука за затворање на деловниот потфат кај должникот и тоа со процент од 88,74% од доверителите со признати и утврдени побарувања претставени на првото извештајно собрание.

Судот во смисла на одредбата од чл.97 ст.5 од Законот за стечај донесе

решение со кое ги констатира донесените одлуки од чл.50 ст.1 од Законот за стечај, донесени од Собраниието на доверители на првото извештајно собрание.

На ден 02-05-2024 година по пошта а примен во судот на ден 07-05-2024 година , стечајниот доверител К.А.Д. МЕНАЏМЕНТ СЕРВИСЕС ЛИМИТЕД Никозија Кипар во судот достави предлог за укинување на одлука на Собрание на доверители со која не се прифаќа предлогот за одобрување на иницијатива за подговка на План за реорганизација поднесен од стечајниот доверител.

Согласно одредбата од член 49 од Законот за стечај „ Ако доверителите на седница на собранието донеле одлука со која се повредуваат интересите на доверителите во стечајната постапка или ако се оневозможува еднаков пристап на сите доверители кон колективното намирување, одлуката може да ја укине стечајниот судија. Предлог за укинување може да поднесе стечајниот управник, секој доверител чии права се повредени и кој не гласал за одлуката која се оспорува, во рок од осум дена од денот на одржувањето на собранието на доверители до стечајниот судија. Стечајниот судија може и по службена должност да ја укине таа одлука. По поднесениот предлог, како и кога одлучува по службена должност, стечајниот судија решение донесува во рок од осум дена. Решението се објавува јавно. Против решението со кое се укинува одлуката на собранието на доверители, право на жалба има секој доверител доколку неговите права се засегнати со одлуката во рок од осум дена по јавното објавување на одлуката. Право на жалба има и стечајниот управник и доверителот доколку стечајниот судија донел решение со кое го одбил предлогот за укинување на одлуката на собранието на доверители".

Судот го разгледа доставениот предлог за укинување на Одлуката на Собрание на доверители на прво извештајно собрание , направи анализа на изнесените наводи од стечајниот доверител и оцени дека истите се неосновани ценејќи дека стечајниот судија не може да укине одлука донесена од Собрание на доверители на првото извештајно собрание.

Судот со внимание ги анализираше наводите на стечајниот доверител К.А.Д. МЕНАЏМЕНТ СЕРВИСЕС ЛИМИТЕД Никозија Кипар изјавени преку неговиот полномошник дека истиот е сериозен правен субјект со долгогодишно искуство во областа на техничко рударското и металуршкото консултанство но судот оцени дека истите ниту се докажани со било какви докази ниту пак можат да бидат од важност затоа што кај должникот не постои никаков деловен потфат кој би можел да се реорганизира.

Имено од увидот во Извештајот изготвен и од привремениот стечаен управник во фаза на претходна постапка и од Извештајот на стечајниот управник како и од увдидот во приложените писмени докази со сигурност се утврдува дека кај должникот неколку месеци пред отворањето на стечајната постапка деловниот потфат бил прекинат а дека веќе во месец декември 2023 година биле спроведени извршувања преку овластен извршител за наплата на побарувања на доверител со кој што должникот имал склучено договори за кредит но за кои и биле востановени заложни права .

Судот цени дека се основани наводите на подносителот на предлогот дека смислата на реорганизацијата е обнова на претпријатието на должникот за да може истото да продолжи да функционира , но во конкретниот предмет стечајниот должник кој што извршувал дејност за топење на руда и производство на никел нема можност да продолжи да ја извршува својата дејност и целокупниот недвижен имот (фабриката во која што се печките и другата опрема) всушност се преминати во сопственост на заложниот доверител и ова нешто го имале во предвид доверителите при спроведеното гласање.

Така да судот ги оцени како неосновани и наводите дека со донесената

одлука Собранието на доверители му ги повредило правата на стечајниот доверител подносител на овој предлог и на останатите доверители за наплата на своето побарување во стечајната постапка во што е можно поголем процент.

Имајќи ги во предвид сите горенаведени причини судот оцени дека донесената Одлука од Собранието на доверители на првото извештајно собрание не е во спротивност со интересите на доверителите и не се исполнети условите за нејзино укинување.

Предвид на горенаведеното судот одлучи како во изреката на решението.

Стечаен судија,
Елизабета Петковска, с.р.

**Правна поука:**

Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена
по приемот на истото и објавата на огласната табла на судот ,
преку овој суд до Апелационен Суд Скопје.

**РЕШЕНО ВО ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ : СТ.бр.27/23 (1/24, 3/24) од 13-05-2024 година**

**Верно со оригиналот тврди:**

**Решението да се достави до:**

1.Стечаен управник Ацо Петров.
2.Адвокатско друштво Тошиќ и Јевтиќ Скопје
3. Огласна табла и веб страна на судот.